РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-78
29.01. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 77 – ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје – Пречистен текст бр. 02-347 од 05.04.2016 година и Записник бр. 04 – 76 од 28.01.2019 година, а во врска со Одлука за објавување на јавен оглас 04- 4 од 08.01.2019 година и јавен оглас бр. 04-5 од 08.01.2019 година, се донесува следната:

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР
## На актери четврта група по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас бр. 04 – 5 од 08.01.2019 година за вработување на определено време од пет години на двајца извршители на работно место актер четврта група со шифра КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, објавен на 09.01.2019 година, во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Лајме во службата на Даватели на јавни услуги се избираат следните кандидати :
   - Благој Веселинов
   - Кирил Поп Христов

2. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраните кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише договор за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на две лица на определено време, на работно место актер четврта група број 18-19224/2 од 28.12.2018 година, донесена е Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04-4 од 08.01.2019 година. Врз основа на Одлуката е објавен јавен оглас со број 04-5 од 08.01.2019 година во дневните весници „Лајме“, „Вечер“ и „Нова Македонија“, на 09.01.2019 година. По огласот, во Архивата на НУ „МНТ“ беа доставени четиринаесет пријави. Комисијата за вработување формирана со решение бр. 04- 37 од 17.01.2019 година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и спроведе аудиција на 28.01.2019 година. Комисијата за вработување состави записник со предлог за избор на кандидати број 04-76 од 28.01.2019 година, и истиот го достави до директорот на НУ Македонски народен театар Скопје.
Имајќи го предвид горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ „МНТ“ во рок од 8 дена од приемот на истата.

*ДИРЕКТОР,*
Симона Угриновска

Доставено до:
-Архива на НУ „МНТ“.
- Кандидатите на јавниот оглас.